РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

**АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

**AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK**

---

Бр./Nr. 01-92/1 Скопје, Shkup, 04.02 2020 година/viti

Врз основа на член 16 и член 34 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер на __.__.2020 година, го донесе следниот:

# П Р А В И Л Н И К

## за формата и содржината на образецот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува формата и содржината на образецот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер.

### Член 2

Образецот на Барањето за пристап до информации од јавен карактер е отпечатен на хартија во бела боја во А4 формат.

Барањето содржи назив на Имателот на информацијата, личното име и презиме на Барателот на информацијата, податоци за можниот застапник или ополномоштеното лице, фирмата или правното лице, опис на информацијата со која сака да се запознае, на каков начин сака да се запознае со содржината на бараната информација и на каков начин да му се достави бараната информацијата.

### Член 3

Формата и содржината на Барањето за пристап до информации од јавен карактер дадени се во Прилог 1, кој е составен дел на овој Правилник.

### Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето на веб-страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

**Директор**
**Пламенка Бојчева**

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/ Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561/ Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel.?phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс//faks/fax:3114 695
Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk